Комисија за следење на примената и

толкување на Општиот колективен договор

за јавниот сектор

**Толкување на член 2 од ОКД, за тоа на кои работодавачи се однесува Колективниот договор**

Согласно член 2 од Договорот, работодавач во смисла на колективниот договор е: орган на државната и на локалната власт и друг државен орган основан согласно Уставот на Република Северна Македонија и закон, како и институција која врши дејност од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврдени со закон, а организиран како агенција, фонд, јавна установа и јавно претпријатие основано од Република Северна Македонија или од општина, од градот Скопје, како и од општина во градот Скопје.

Имајќи го предвид фактот дека дефинирањето на работодавачите на кои се однесува ОКД е согласно опфатот на работодавачите во Законот за вработените во јавниот сектор, ОКД се однесува само на оние работодавачи кои се наведени во членот 2 од истиот, а не и на трговските друштва кои се основани од Републиката, односно трговските друштва во целосна сопственост на државата.

Претседател на Комисијата

Весна Томовска